**20251012227**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2800/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 23/2006, 127/2006, 64/2008, 114/2009, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 67/22, 170/24, 3/25 и 17/25) во член 12 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Органот надлежен за издавање лиценца по службена должност врши редовна контрола на издадените лиценци, а најмалку двапати годишно над сите издадени лиценци, дали превозниците ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена лиценцата. Органот надлежен за издавање лиценца ќе донесе решение за нејзино трајно одземање, ако:“.

Во ставот 5 зборовите: „конечното решение“ се заменуваат со зборот „решението“.

Во ставот 8 зборовите: „не го одлага решението“ се заменуваат со зборовите: „не го одлага извршувањето на решението“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.